Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 128/0306
10.07 2026 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 02.07.2026 година, врз основа на примена жалба од **Ѓорги Илиевски, виш просветен инспектор во пензија и колумнист,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Со објавување, а по неколку часа повлекување на колумната со наслов „**Семоќниот Бранко Азески го постави професорот Марјан Ѓуровски за претседател на формираниот совет за унапредување на образованието“,** на 08.06.2026 г., **онлајн медиумумот – интернет портал Нетпрес (netpress.com.mk),** отстапил од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Жалителот Ѓорги Илиевски до СЕММ на 18.06.2026 г., упати жалба за повлекување на неговата колумна со наслов „Семоќниот Бранко Азески го постави професорот Марјан Ѓуровски за претседател на формираниот совет за унапредување на образованието“, на 08.06.2026 г., на онлајн медиумумот интернет портал Нетпрес - при што се жали де факто за цензура. Имено, Илиевски вели дека колумната била објавена и по неколку часа повлечена.

Во жалбата, меѓу другото, пишува: ...„На ден 8.јуни 2026 година, во рубриката колумни на порталот Независен Нетпрес ми беше објавена колумната под наслов: Семоќниот Бранко Азески го постави професорот Марјан Ѓуровски за претседател на формираниот совет за унапредување на образованието. По час-два од објавата на порталот Независен Нетпрес истата ми беше повлечена каде што стоеше ( „Страницата не е пронајдена 404“) . По ова, веднаш му се јавив на одговорниот уредник Дејан Николовски (мора да напоменам долги години се познаваме и сме во многу добри односи) ме извести (телефонски) веднаш да се јавам на директорката на порталот Независен Нетпрес, Лидија Станчевска Кумева. Истото го направив, бев изненаден ме извести дека и се јавил Бранко Азески и како добри охриѓани да се повлече мојата колумна“. И покрај цивилизираниот разговор, објаснувајќи и на директорката дека: 'Ставовите изработени ви рубликата Колумни се лични мои ставови како автор, незадоволната страна може да објави реакција, демант и слично. Ја потсетив директорката Лидија, дека ' под објавените колумни стои дека:'со личните ставови на авторот не ја одразува уредувачката политика на порталот Нетпрес', и ваквиот чин е ЦЕНЗУРА'. На што реагираше. Објаснувајќи и’ дека Цензурата не е демократски чин туку негатор на слободата на говорот и демократските вредности...Цензурата е строго забранета согласно став 9 од членот 16 од Уставот на Македонија“ – пишува жалителот Илиевски.

По ова тој веднаш ја објавил колумната на друг медиум.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека со објавување, а по неколку часа повлекување на колумната со наслов „Семоќниот Бранко Азески го постави професорот Марјан Ѓуровски за претседател на формираниот совет за унапредување на образованието", на 08.06.2026 г., онлајн медиумумот – интернет портал Нетпрес (netpress.com.mk), отстапил од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, а во врска со точката 1.7 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите во Македонија од страна на СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за жалба која се однесува на тврдење за цензура, нешто што е забрането во преамбулата на Кодексот на новинарите на Македонија, во Уставот на земјата и во највисоките меѓународни акти, како што се Универзалната декларација за човекови права на ОН и Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Тоа значи предмет од јавен интерес.

Комисијата најпрво констатираше дека за прв пат по цела деценија работење се соочува со жалба за вакво прашање и затоа, прво ги разгледа постоечките факти за жалбата за да утврди дали навистина е применета цензура од страна на менаџментот и уредништвото на онлајн медиумот. Комисијата заклучи дека, од една страна, жалителот тврди дека текстот бил повлечен по интервенција на лице споменато во колумната и дека станува збор за цензура, додека од друга страна, одговор и појаснување од медиумот не беше доставен до СЕММ.

Членовите на Комисијата изразија уверување дека околностите во случајот упатуваат на можност текстот да бил повлечен по надворешна интервенција или влијание, но се согласија дека Комисијата не располага со факти и докази врз основа на кои би можела да утврди дека во конкретниот случај навистина станува збор за цензура или надворешен притисок. Поради тоа, беше оценето дека Комисијата не треба да се произнесува за мотивите за повлекувањето на текстот, туку исклучиво за етичките аспекти на постапувањето на медиумот.

Поради ова, членовите на Комисијата се фокусираа на членот 1 од Кодексот кој, меѓу другото, пропишува и дека новинарот (медиумот) нема да прикрива суштински податоци. Односно, дека медиумот кон јавноста имал обврска да биде транспарентен при повлекувањето на колумната и да појасни од кои причини е тоа сторено. Членовите на Комисијата се свесни дека уредништвото има право да не го објави текстот, но кога веќе го објавиле па веднаш го повлекле, етичкиот стандард им наложува да ѝ појаснат на јавноста кои се причините за тоа.

Ова се препорачува и во точката 1.7 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите во Македонија изработени од СЕММ, а кои се поврзани со соодветните членови од Кодексот на новинарите. Во точката 1.7 се наведува дека „онлајн медиумите нема да прават измена на веќе објавени информации без јасна назнака за причината и времето кога таа е направена”.

На крајот од расправата Комисијата оцени дека не располага со доволно факти и докази за да утврди дали повлекувањето било последица на цензура или друг вид надворешен притисок, поради што не се произнесе по тоа прашање. Но врз база на аргументите изнесени погоре, Комисијата заклучи дека има прекршување на етичките и професионалните стандарди поврзани со член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, а во врска со точката 1.7 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ:

Член 1

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595